АФПЗРР АГЕНЦИЈА ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ВО ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО И РУРАЛНИОТ РАЗВОЈ

# ИЗВЕСТУВАЊЕ

Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој ги известува сите земјоделски стопанства дека поднесувањето на барањата за финансиска поддршка во земјоделството е во тек и ќе трае **до 15 септември**.

Во овој период се поднесуваат барања за растително производство и тоа за: површини со поледелски и градинарски култури, одржување на лозови и овошни насади како и производство на сертифициран семенски и саден материјал. За сточарското производство се поднесуваат барања за одгледување на: говеда, овци, кози, свињи, пчели, живина.

Корисници на финансиската поддршка се земјоделски стопанства кои се упишани во Единствениот регистар на земјоделски стопанства и ги исполуваат сите услови кои се пропишани во Законот за земјоделство и рурален развој, Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2017 година и Уредбата за директни плаќања за 2017 година.

Овозможивме барањата да се поднесуваат по електронски пат, самостојно од страна на барателите со пристапување во системот преку веб страната на Агенцијата www.ipardpa.gov.mk со избор на делот „*Директни плаќања е-барање*".

Сите детали кои се поврзани со мерките, утврдените критеруми, потребните документи, висината на финансиската поддршка како и начинот на поднесување на барањата по електронски пат се опишани во упатства за корисниците кои се достапни на македонски и албански јазик во електронска форма на веб страната на Агенцијата како и во печатена форма.

За сите подетални информации во однос на електронското барање контактирајте ги вработените во Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој на следните телефонски броеви: 02/3097-489, 02/2445-805, како и на контакт е-маил адресата: ipardpa.info@ipardpa.gov.mk и на веб-страната: www.ipardpa.gov.mk или во подрачните единици на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство .